# ПРАВИЛНИК

## ЗА НАЧИН И ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО ДИСЦИПЛИНАТА “ЛОВ НА ГРАБЛИВКИ СО ВЕШТАЧКИ МАМКИ ОД БРЕГ“

## ВОВЕД

Овој правилник го регулира организирањето, начинот и правилата во дисциплината лов на грабливки со вештачки мамки од брег. Целосното име на оваа дисциплина е: Лов на грабливки со вештачки мамки од брег, во понатамошниот текст “натпреварување“

Натпреварувањето е службена дисциплина во ЦИПС конфедерација, односно ФИПСед Федерација за слатководен риболов. Спаѓа во составен дел на дисциплини кои ги организира и спроведува МРФ. Овие правила се применуваат на сите натпревари што се одржуваат во Република Македонија во организација на Македонската Риболовна Федерација (во натамошниот текст МРФ), нејзините членки спортско-риболовни здруженија или клубови (во натамошниот текст РЗК), и сите други организации кои имаат право да организираат натпревари во спортски риболово, било да се првенствени или пријателски со учество на домашни и меѓународни натпреварувачи или екипи.

(1) Со овој правилник како посебен дел се опфатени:
- Правила за организирање и спроведување на натпреварувањето.
- Прибор (опрема)
- Бодување и утврдување на резултатите од натпреварувањето
- Организација на службени натпревари и избор на репрезентација на Р.Македонија
- Службени лица на натпреварувањето
- Обврски на службените лица на натпреварувањето
- Казнени одлуки
- Преодни и конечни одлуки

## ПРАВИЛА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРУВАЊЕТО

### Член 1.

(1) Натпреварувањето се организира поединечно. Бројот на сектори зависи од бројот на натпреварувачи.

(2) Минимална должина на стартната позиција “натпреварувачки бокс“ во понатамошниот текст (бокс) изнесува10-20 метри. Ширината на боксот од водата према брегот е по слободен избор и ја сочинуваат слободни препреки и појас до кај што смеат да се приближуваат гледачи, новинари и останати посетители .

(3) Бројот на стартни позиции е двојно поголем од бројот на натпреварувачи. Пример: кога се натпреваруваат 12 натпреварувачи, секторот, односно стазата за натпреварување се дели на 24 стартни позиции. Секторите и стартните позиции се

поставуваат од број 1 до број 24 нагоре оd течението независно да ли е екипно или поединечно натпреварување.

(4) Во случај на пријавени повеќе натпреварувачи од максимално пропишаните во спин лигата, поеднинечното натпреварување може да се одржи во два сектора, а таквата одлука ја носат членовите на **спин натпреварувачката комисија** ( во натамошниот текст натпреварувачка комисија) и истата ја објавуваат на ВЕБ страната на МРФ, 15 дена пред почетокот на натпреварувањето.

**Член 2.**

(1) Пријавените натпреварувачи задолжително се пријавуваат на зборното место, односно зоната за натпреварување, најдоцна 30 минути пред поочеток на натпреварувањето. Во тој рок се врши извлекување на стартниот распоред, редослед на излегувања на стаза и разгледување на стазата и проучување на позициите.

**Член 3.**

(1) Во случај кога поединечното натпреварување се одвива во два сектора, тогаш диригирано натпреварувачите извлекуваат сектори, само на првото коло од лигата, да не се најдат во истиот сектор, на начин да во А сектор биде поголем број ако истиот е непарен “13+12=25“. После извлекуваат стартен распоред по сектор и на крај за секој сектор се извлекува редослед на излегување на стаза.

ПРОЦЕС НА ОДВИВАЊЕ НА НАТПРЕВАРУВАЊЕТО

**Член 4.**

(1) Првиот сигнал означува почеток за преглед на стазата и боксовите, кој ги разгледуваат натпреварувачите.

(2) Вториот сигнал означува крај на прегледувањето на стазата и боксовите, и означува натпреварувачите да се вратат во централниот бокс во рок од 15 минути.

(3) После разгледувањето на стазата и стартните позиции главниот судија ги повикува натпреварувачите кои по веќе одреден стартен распоред, “од шеширот“ извлекуваат редослед за излегување на стаза по однапред одредена табела која е направена од страна на главниот судија и важи за сите кола во лигата.

(4) Третиот сигнал означува почеток на натпреварувањето кое трае четири часа и е поделено во четири рунди од по 45 минути и паузи од по 15 минути помеѓу рундите. Почетокот и крајот на секоја рунда ги означува главниот судија на јасен и гласен начин.

(5) Пласманот се утврдува за секоја рунда посебно према бројот на уловени риби со доделување на пенали за секоја рунда посебно, додека за финалниот пласман на колото се собираат пеналите од секоја рунда.

## Член 5.

(1) Натпреварувачите го започнуваат натпреварувањето на начин така што секој излегува на стаза по извлечениот редослед, завземаат стартен бокс кој им одговара и го чекаат знакот за почеток на рундата. После означувањето на почетокот на рундата секој натпреварувач може да менува бокс, при што во еден бокс може да биде само еден натпреварувач.

(2) При излегување на стаза, кога првиот натпреварувач ќе тргне во избирање на стартен бокс, следниот натпреварувач тргнува со задоцнување од 30 секунди. Во тек на избирањето на стартниот бокс нема претрчување се додека претходниот натпреварувач не влезе во еден од слободните боксови. Секој натпреварувач има свој судија-волонтер кој го прати и го бележи неговиот улов, и заедно се враќаат во централниот бокс на крајот од секоја рунда.

## Член 6.

(1) Натпреварувачите го започнуваат натпреварувањето на одбраниот стартен бокс. Во случај кога двајца натпреварувачи истовремено ќе влезат во ист слободен бокс, предност има натпреварувачот кој се движи од боксот што има помал реден број.

(2) Секој натпреварувач има свој судија-волонтер кој го прати и го бележи секој негов улов и за секој остварен улов му доделува по еден купон со кој натпреварувачот подоцна го потврдува остварениот улов и се потпишува за потврда во натпреварувачкиот дневник за бележење на улов.(СПИН 5 Дневник за бележење на улов по рунди)

## Член 7.

(1) Во случај на различен број на запишани риби и издадени купони од страна на судијата, ке биде изречена усна опомена за судијата а на натпреварувачот ке му биде признаен помалиот број на уловени риби.

## Член 8.

(1) На натпреварувањето се бодуваат сите уловени риби-грабливки кој живеат во таа област/вода кај што се одржува натпреварувањето, а од **претходно дефинирани од страна на натпреварувачката комисија** и концесионерот.

## Член 9.

(1) Натпреварувачот е должен уловот да го прифати со кеп (црпалка,мрежа) да го покаже на судијата, по одобрување на судијата рибата внимателно да ја ослободи додека е во кепот и со кепот да ја врати неповредена назад во вода.

(2) Додека натпреварувачот ја ослободува рибата, натпреварувачот не смее да го спушти кепот на земја додека рибата е сеуште внатре.

(3) Натпреварувачот може да ја ослободи јадицата од рибата со рака или со соодветна клешта (пеан). При ослободување на рибата, истата се прифаќа со рака одоздола преку мрежата од кепот, а не директно со гола рака во кепот.

(4) Судијата го бележи уловот и на такмичарот му доделува купон.

(5) За улов на несоодветен начин и несоодветно прифатен улов истиот не се признава:

1. ако рибата се привлече на копно, ја извлече на копно или ако рибата падне на земја.
2. ако рибата е прифатена со рака во вода.
3. ако рибата е прифатена на гради.
4. ако рибата е прифатена со кепот додека истиот е во воздух, високо над вода.
5. ако натпреварувачот ја уловил рибата во соседниот бокс или сектор.
6. ако натпреварувачот проба да ја ослободи рибата во кепот пред да ја покаже на судијата.
7. доколку рибата која е во кепот се прифати со рака

(6) Натпреварувачот мора самостојно без помош од друго лице да ја извлече и да ја навлече рибата во кепот или во спротивно уловот нема да се бодува.

(7) Ако ја даде рибата на увид кај судијата и притоа рибата падне на земја или во вода, уловот нема да се бодува.

(8) Ако рибата е правилно уловена за уста и не може да се се ослободи без да се оштети, што е судска проценка, конецот(најлон,плетеница) мора да биде прекинат а рибата заедно со мамецот да се врати во вода. Таквиот улов се бодува!

(9) Во ситуација кога е крај на рундата за уловот да се бодува, мора да биде во кепот и надвор од водата пред знакот што означува крај на рундата.

(10) За време на натпреварувањето натпреварувачот не смее да влегува во вода ниту пак да лови од вода, сепак смее да ги користи природните препреки кој се наоѓаат во водата под услов водата да не преминува преку истите, односно да се споени со брегот. (на пример: камења покрај брегот, корења, стебла и др.)

(11) Доколку на одредено место конфигурацијата на брегот е таква да не може квалитетно да се лови или не е возможно да се лови без да се влезе во вода, таквите локации мораат да бидат обележани со траки и да се одреди точно до каде е дозволено влегување. Таквите локации се претходно дефинирани од главниот судија.

(12) За време на натпреварувањето е забрането користење на мобилен телефон и други уреди за комуникација.

(13) Забрането е секаков вид на комуникација и контакт со лицата кој не се натпреварувачи или службени лица додека трае рундата. Дозволена е комуникација со личниот капитен.

(14) Натпреварувачот може да ангажира лице (личен капитен) кое ќе го надгледува натпреварувањето или одреден натпреварувач придржувајќи се до правилникот. Секаков вид на информации/забелешки кое лицето ќе ги даде не се признаваат без

видео запис. Забранета е било каква комуникација со било кој од останатите натпреварувачи. Во спротивно ќе биде одстранет од страна на организаторот.

(15) Кепот за прифаќање на рибите во секое време додека трае натпреварувањето мора да биде надвор од вода со целата своја должина, освен кога натпреварувачот ја прифаќа рибата.

(16) Мамецот се смета за неисправен/нерегуларен кога има повратни куки (контра куки) и повеќе од две еднокраки или две трокраки јадици.

(17) На натпреварувачот не му е дозволено да лови надвор од границите на боксот во кој се наоѓа.

(18) На натпреварувачот не му е дозволено да лови надвор од секторот во кој се наоѓа.

## ОПРЕМА-ПРИБОР

### Член 10.

(1) Потребен прибор за натпреварување и тоа:

- Стап (трска) по слободен избор со максимална должина 2.75м (стапки)
- Машинка по слободен избор
- Конец или струна (пластичен, силиконски, ПЕ, свилен) по слободен избор
- Кеп (подметнувач)
- пеан, клешта

(2) Секој натпреварувач може да поседува резервна опрема ( стап, машинка, кеп). Натпреварувачот за време на натпреварувањето смее да лови само со еден стап, еден кеп, торба, прслук или ранец со мамки. Резервната опрема може да ја носи со себе или да ја чува во централниот бокс.

(3) За време на натпреварувањето, натпреварувачите кој од одредени причини мораат да го заменат својот прибор, не смеат во текот на започнатата рунда да земат туѓ прибор, ниту пак да заменат стап, машинка или кеп, освен во случај на лом. Во случај додека врши замена на прибор во централниот бокс, било кој натпреварувач може да лови од тој бокс.

(4) Не е дозволено помош од други лица. Било каква помош од друго лице (носење на опрема, мамки) резултира со исклучување од натпреварувањето

(5) Управување на конецот со користење на рака е строго забрането, по зафрлувањето едната рака мора да биде на машинката а другата на стапот.

### Член 11.

(1) Дозволени мамки се: метални, имитација на риби од дрво и пластика и силиконски мамки по слободен избор.

(2) Јадицата мора да биде “гола“, а исклучок се јадиците кој имаат перлици или пластичен бужир. Строго е забранета употреба на јадици кој на себе имаат влакна, перје или волна.

(3) За отежнување на силиконските мамки исклучиво се користи џиг јадица, на која отежнувањето е фиксирано на јадицата, или јадица со флексибилно отежнување. Мамецот не смее да биде фиксиран т.е неговото вадење од јадицата не смее да биде оневозможено од лепило или слични материјали. Сторго забранети силикони се bloodworm или Joker Дозволен начин на монтирање на силиконските мамки и отежнување е прикажано на сликата подолу.



(4) Не е дозволено користење на дополнително отежнување на најлонот или користење на било каков сигнализатор за удар. Вртилиците и копчите доколку се користат мора да се директно закачени за мамецот. Најлонот мора да биде “гол“

(5) Стартниот судија е должен да ја провери исправноста на јадицата и да ли рибата е уловена во склад со правилникот. После уловот на риба ако мамецот не е исправен уловот не се бодува и мамецот се носи кај главниот судија и комисијата на преглед. Ако натпреварувачот лови на истиот мамец и не го менува а притоа на него вади риби, не треба после секоја уловена риба истиот да се проверува од страна на стартниот судија затоа што му смета и му одзема време на натпреварувачот.

**Член 12.**

(1) Организаторот е должен да ја порибi стазата со 7 или повеќе риби во секој бокс, пред секое коло.

## БОДУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД НАТПРЕВАРУВАЊЕТО

### Член 13.

(1) **УТВРДУВАЊЕ НА УЛОВОТ.** Секоја уловена риба се бодува без разлика на големината на рибата (1 риба 1 бод). Уловот се признава само ако јадицата е закачена за уста или помеѓу устата и градните пераи или помеѓу устата и шкргите. Секое друго закачување не се признава и резултира со непризнавање на уловот.Поради полесно пратење на резултатите, главниот судија после секоја рунда а пред почеток на новата рунда на табла ги запишува уловите поединечно за секој натпреварувач.

(2) **БОДУВАЊЕ ПО РУНДИ.** Секоја рунда се бодува засебно, натпреварувачот со најмногу уловени риби остварува најмалку пенали за таа рунда (1 пенал бод), натпреварувачот со помалку риби (2 пенал бода) итн итн.

(3) Доколку двајца или повеќе натпреварувачи имаат ист број на уловени риби во рундата, нивните пенали за таа рунда се делат и тоа на следниот начин: прворангираниот натпреварувач има уловено 6 риби(1 пенал бод), второрангираниот натпреварувач 5 риби (2 пенал бода) а наредните четири натпреварувачи имаат уловено по 4 риби. Тоа се натпреварувачите од 3то до 6то место. Тогаш нивниот број на бодови се утврдува на следните начини: 3+4+5+6=18, 18/4=4.5 или 3+6=9, 9/2=4,5 што би значело дека секој натпреварувач има освоено по 4.5 пенал бодови за таа рунда. Наредниот натпреварувач има уловено 3 риби и 7 пенал бодови итн итн.

(4) **БОДУВАЊЕ ПО КОЛА .**Поединечнииот пласман по кола, односно поединечниот пласман за секој сектор по кола се утврдува према **вкупниот збир на пенали по рунди** за тоа коло. Натпреварувачот со вкупно најмалку пенали по рунди во колото го завзема првото место и е шампион на колото, наредниот натпреварувач го завзема второто место, наредниот натпреварувач го завзема третото место во колото итн итн.

(5) Во ситуација кога двајца или повеќе натпреварувачи имаат ист вкупен број на пенали по рунди, подобар пласман во колото има натпреварувачот кој има **уловено вкупно повеќе риби во текот на сите 4 рунди**. Доколку резултатот е повторно изедначен подобар пласман во коло ќе има натпреварувачот кој има освоено помалку пенали во било која рунда, (во предвид се зема само најдобрата рунда на засегнатите натпреварувачи во колото) пример: едниот натпреварувач има пенали по рунди 4,2,**2**,3, другиот натпреварувач има пенали по рунди 3,4,3,**1**. Подобар пласман остварува наптрварувачот кој има пенали по рунди 3,4,3,**1.** (за полесно пратење на пеналите, истите се подредуваат од пониски кон повисоки **2**,2,3,4 и **1**,3,3,4). Доколку е повторно изедначено подобар пласман во колото остварува натпреварувачот кој има уловено **поголем број на риби во било која рунда од колото** (во предвид се зема само најдобрата рунда на засегнатите натпреварувачи во колото), пример: едниот натпреварувач има уловено **12**,4,6,8. Другиот натпреварувач има уловено 3,**16**,4,7 по рунди. Подобар пласман има натпреварувачот со уловени **16** риби во втората рунда. (за полесно пратење на уловите, уловите се подредуваат од повисоки кон пониски **12**,8,6,4 и **16**,7,4,3).

Доколку резултатот е изедначен по сите горе наведени критериуми, подобар пласман во колото ќе има натпреварувачот со понизок **реден број.**Пласманите по коло се однесуваат само за колото што се одржува и не влијае на конечниот пласман во лигата, но се земаат во предвид кога се одржуваат друштвени или куп натпревари кој се одржуваат само во едно коло.

(6) **КОНЕЧЕН ПЛАСМАН ВО ЛИГА.**На крајот на сите кола во лигата, конечниот пласман во лигата се утврдува со **собирање на освоените пенали** по кола во лигата. Натпреварувачот што има освоено вкупно најмалку пенали по кола е ПРВОПЛАСИРАН и е победник во лигата наредниот по збир на пенали го завзема второто, па наредниот третото итн.

(7) Во случај на ист број на пенали, подобар пласман во лигата остварува натпреварувачот кој има уловено **вкупно повеќе риби во текот на сите кола** од лигата. Доколку резултатот е повторно изедначен подобар пласман во лигата ќе има натпреварувачот кој има освоено помалку пенали во било кое коло, (во предвид се зема само најдобрато коло на засегнатите натпреварувачи во лигата) пример: едниот натпреварувач има пенали по рунди 45,25,**25**,35, другиот натпреварувач има пенали по рунди 35,45,35,**15**. Подобар пласман остварува наптрварувачот кој има пенали по рунди 35,45,35,**15.** (за полесно пратење на пеналите, истите се подредуваат од пониски кон повисоки **25**,25,35,45 и **15**,35,35,45). Доколку и ова е исто, подобар пласман остварува натпреварувачот со **поголем број на риби во било кое коло од лигата** (во предвид се зема само најдоброто коло на засегнатите натпреварувачи од лигата), пример: едниот натпреварувач има риби по кола **22**,11,18,20, другиот натпреварувач има риби по кола 20,9,**28**,18. Натпреварувачот кој има риби по кола 20,9,**28**,18 е подобро пласиран. ). На крај ако и понатаму е изедначено натпреварувачите го делат пласманот во лигата. Во случај да треба да се одреди место за медал или репрезентативен пласман, натпреварувачите **ловат дополнителна рунда од 45 минути**. Натпреварувачот кој ќе улови повеќе риби во таа рунда е подобро пласиран. Доколку после додатната рунда резултатот е сеуште изедначен се воведува **рунда без временско ограничување** по правило ЗЛАТНА РИБА, правило со кое подобро пласиран е натпреварувачот кој прв ќе улови риба.

(8) Во иста ситуација на друштвени, куп или друг вид на натпреварувања, главниот судија го применува истиот начин на рангирање како во **Член 13 точка 2,3,4,5 и 6** со цел да се добие победник на натпреварувањето.

(9) Во екипен пласман за редослед на екипите одлучувачки е збирот на секторски пласмански бодови . Пример, ако во екипата ловат 4 натпреварувачи се собриаат нивните остварени секторски пласмански бодови за тој ден и се собираат со бодовите остварени наредниот ден. Редоследот се одредува према остварен помал збир на секторски пласман бодови.Доколку резултато е изедначен се гледа која екипа има вкупно помалку пенали по рунди, наредно, вкупно риби во двата дена и како последен параметар се гледа која екипа има уловено повеќе риби во вториот ден.

(10) За на секој натпреварувач во спин лигата да му бидат признаени и верифицирани резултатите, он оправдано може да одсуствува само две кола.

(11) Секое неоправдано одсуство на натпреварувачот на коло од лигата му се доделуваат максимален број на пенали за секоја рунда од колото (**бројот на максимални пенали е бројот на пријавени учесници во лигата**).

(12) Во случај кога натпреварувачот е дисквалификуван после завршување на колото или натпреварувањето, наредно пласираниот натпреварувач го задржува својот пласман. Пример: ( X натпреварувач кој е пласиран на 8мо то место е дисквалификуван, наредниот натпреварувач го задржува својот пласман и го освојува 9то место, наредниот 10 итн.

(13) Натпреварувачите без улов ке добијат пенали еднакви на просечниот број непропишани пенали. Пример: 13 натпреварувачи, 8 се рангирани од 1во до 8мо место со пенал бодови во распон од 1 до 8. На натпреварувачите без улов им се внесуваат (9+13)/2 = 11 пенал бодови. Доколку постои само еден натпреварувач без остварен улов ќе добие пенал бодови колку што изнесува вкупниот број на натпреварувачи.Пример: 13 натпреварувачи од кој 12 имаат остварен улов а еден нема, тогаш натпреварувачот без улов добива 13 пенали.

(14) Натпреварувачот кој неоправдано нема да се појави во некоја рунда добива максимално пенали за таа рунда.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА СЛУЖБЕНИ НАТПРЕВАРИ И ИЗБОР НА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА НА Р. МАКЕДОНИЈА

### Член 14.

(1) Се формира спин лига на Р.Македонија во риболов на грабливки со вештачки мамки од брег.

(2) Спин лига на Р.Македонија се организира како поединечна лига од најмалку две првенствени кола, ако се исполнети условите со пријавување на најмалку од 6 (шест) натпреварувачи, а кој мора да се одржат во тековната година за да репрезентацијата истата година ја претставува Р.Македонија на меѓународни и Светски натпреварувања.

(3) Најдобро пласираните натпреварувачи во спин лигата на Р.Македонија стекнуваат право на настап во состав на репрезентацијата на Р.М на светски и меѓународни настапи под покровителство на ФИПС-ед организацијата.

(4) Надзор (грижа) за организирање, број на кола, домаќини на натпреварување и спроведување на натпреварувањето води натпреварувачката комисија на МРФ.

### Член 15

(1) Сите натпреварувачи, мораат да бидат регистрирани спортски риболовци и да поседуваат спортска легитимација пред почетокот на натпреварите за тековната година, согласно правилникот за регистрација на спортски риболовци на МРФ. Нерегистрираните натпреварувачи немаат право на настап во тековната година.

(2) За спин лига на Р.М натпреварувачите се пријавуваат по распишан оглас/пријава од страна на МРФ. Со пријавување, плаќање на такса за учество (котизација) и добивање на правиликот, ги прифаќаат сите прописи и услови регулирани со овој правилник.

(3) Котизација се уплаќа на жиро сметка од МРФ најдоцна до 15 дена пред почетокот на лигата за тековната година, па се насочува за одржување на натпреварувањето. Поради неможност и откажување од натпреварувањето котизацијата не се враќа. МРФ е должна засебно да води сметка и анализа на трошоците посебно за спин натпреварувања.

(4) Висината на котизацијата, кој ја уплаќа и на кој начин ја утврдува УО на МРФ врз основа на предлог на судиска и натпреварувачката комисија .

(5) Во случај од овој извор да останат непотрошени средства на сметката на МРФ, тие средства се прфрлаат(пренасочуваат) за помош на спин репрезентацијата на Р.М за меѓународни натпревари и Светско првенство.

(6) Кога ќе се исполнат услови, официјалните натпреварувања во оваа дисциплина можат да се организираат и како:

- Друштвени натпревари
- Регионални натпревари
- Државни натпревари-спин лига
- Отворено првенство на Р.М
- Куп на Р.М

**Член 16.**

(1) Првопласираните 8 натпреварувачи од спин лигата на Р.М се здобиваат со статус репрезентативци и остваруваат право на настап за репрезентацијата на Р.Македонија за меѓународни натпревари под покровителство на ФИПС-ед асоцијација. Првопласираните 4 натпреварувачи од спин лигата се сигурни учесници на меѓународни натпревари под покровителство на ФИПС-ед асоцијација. Од останатите 5, резервата се бира од страна на селектор/тренер со тоа што истите мораат да бидат учесници во сите кола од спин лигата во тековната сезона од која се избира репрезентација за оваа година, или оправдано да одсуствуваат максимално 2 кола. **Резервниот натпреварувач се натпреварува доколку некој од натпреварувачите не е во можност да се натпреварува**.

(2) Идеалниот (минималниот) број на членови за меѓународни натпревари и Светско првенство е осум (8) а го сочинуваат: селектор/тренер(делегат), 2 капитени и натпреварувачите 4+1 резерва. Репрезентацијата може да биде и побројна ако постојат сретства за финансирање.

(3) Во случај некој пласиран натпреварувач да не може да настапи за спин репрезантацијата на Р.М, наредно пласираниот натпреварувач остварува учество во Спин репрезентацијата.

(4) Секој член на спин репрезентацијата на Р.М во годината на настап на репрезентацијата на меѓународни натпреварувања, мора таа сезона да се натпреварува или учествува како судија, делегат или волонтер.

(5) При изборот на репрезентативци за настап и работа со репрезентацијата, одговорност сноси именуваниот селектор/тренер на репрезентацијата.

**Член 17.**

(1) Натпреварувачката комисија на МРФ го утврдува првенствениот календар, местата на одржување на првенствата (спин лига кола) води грижа за потврдените натпреварувања, а го потврдува УО на МРФ.

СЛУЖБЕНИ ЛИЦА НА НАТПРЕВАРУВАЊЕТО

**Член 18.**

(1) Службени членови на напреварувањето ги именува натпреварувачка комисија и судиската комисија на МРФ врз основа на судски ранг и изразен квалитет а тоа се:

- Делегат во име на МРФ
- Главен судија, го именува судиска комисија на МРФ
- Секторски судии
- Стартни судии, волонтери ги доделува домаќинот во зависност од бројот на натпреварувачи

**Член 19.**

(1) Судскиот колегиум го сочинуваат:

- Главен судија - (Секторски судии), двајца именувани по пат на извлекување (ждреб)
- Еден помошен судија/секретар
- Судии - волонтери

**Член 20.**

(1) Жири комисијата е составена од:

- Делегат на натпреварувањето
- Главен судија - Секторски судија на третиот сектор, или именуван по пат на извлекување
- Натпреварувачот со стартен број “5“

(2) Приговор кон жири комисијата се најавува 15 минути после прогласување на резултатите, а писмена рекламација се доставува во наредните 15 минути со уплата од 1500 денари кауција кај секретарот на натпреварувањето, која ке биде вратена ако се утврди дека приговорот бил оправдан или во спротивно кауцијата се уплатува во благајната на МРФ.

(3) Во случај кога натпреварувачот или капитенот на екипата се незадоволни со одлуката на жири комисијата, можат да положат жалба до натпреварувачката комисија на МРФ и да бараат од Делегатот истата да биде впишана во извештајот.

“Оштетениот“ натпреварувач или екипа се должни во рок од три (3) дена после завршување на натпреварувањето да поднесат жалба со детално образложение преку писмена или електронска форма на адреса на Судиска комисија.Судиската комисија е должна да ја разгледа и да одговори на жалбата во рок од седум (7) дена.

(4) Во случај натпреварувачот или екипата да не се задоволни со одлуката на Судиската комисија имаат право да поднесат жалба до Управниот Одбор на МРФ како второстепен орган во постапка на решавање на жалби и приговори за натпреварувања, резултати, регуларност на натпреварувањата и прекршувања на овој правилник. Одлуката на Управниот Одбор е конечна и против истата нема право на жалба.

(5) Во случај на прекин на натпреварувањето поради временски непогоди или други услови кој не се исполнети, Делегатот на натпреварувањето во консултација и соогласност со Главниот судија мора да направат записник и да ги утврдат причините за прекин или не одржување на натпреварувањето, кој итно ќе биде предаден на натпреварувачката комисија, која мора да ги утврди сите факти и по потреба да го дополни извештајот, да донесе конечна одлука за не одржување на натпреварувачкото коло и истите да ги објави на ВЕБ порталот и ФБ профилот на МРФ.

(6) Во случај на неодржување или одложување на едно или две кола од натпреварувањето, натпреварувачката комисија на МРФ ги известува сите натпреварувачи по пат на СМС порака, Е-маил, ВЕБ порталот, или ФБ профилот на МРФ.

(7) Судското жири може да го скрати натпреварувањето за една или повеќе рунди поради непредвидени околности (невреме, демонстрации и тн) исто така може да се пролонгира почетокот на натпреварувањето или одредена рунда најмногу за 1 сат, а рундите да не бидат скратени за повеќе од 15 минути или времетраењето на натпреварувањето да не биде пократко од 2 часа. Во спротивно натпреварувањето не е валидно.

## ОБВРСКИ НА СЛУЖБЕНИТЕ ЛИЦА НА НАТПРЕВАРУВАЊЕТО

### Член 21.

(1) Домаќинот на натпреварувањето после добивање на службеното известување од страна на МРФ за одржување на натпреварувањето или поединечно коло е должен сите свој обврски потпишани со протоколот кој го направил со натпреварувачката комисија на време и без одложување да ги спреми и изврши.

(2) Домаќинот на натпреварувањето е должен да ги прати сите услови за натпреварување и на време да ја извести натпреварувачката комисија за промена на условите (поплава, невреме и тн.) за истиот да може правовремено да реагира према останатите учесници на натпреварувањето.

### Член 22.

(1) Обврската на делегатот на натреварувањето е вршење надзор на изведувањето на сите фази на натпреварувањето, се до прогласување на резултатите и врачување на признанијата. Заседава со жирито а должен е на Управниот одбор на МРФ да поднесе детален извештај како поминало натпреварувањето и доделување оцена на Главниот судија за квалитетот и начинот на судењето.

**Член 23.**

(1) Главниот судија е службено лице на натпреварувањето кое по пат на судски тим, го организира, спроведува правила и успешно го води натпреварувањето. Внимателно ги следи сите случувања на натпреварувачката стаза и околу неа, интервенира во случај на потреба, ги советува секторските судии, ги решава евентуално настанатите проблеми и заедно со секретарот на натпреварувањето ги смета и проверува пресметаните резултати пред официјалното прогласување на истите.
(2) По завршување на натпреварувањето Главниот судија ги објавува резултатите а е должен заедно со секретарот и натпреварувачката комисија на МРФ да поднесе извештај со приложување на дневникот од натпреварувањето.

**Член 24.**

(1) Главниот судија на лигата е судија од највисока категорија, кој се грижи за организација и административни обврски на натпреварувањето. Го именува Натпреварувачката комисија на МРФ и мора добро да ги познава правилата и водењето на административните обврски. Должен е да ги собира апликациите на учесниците, да го организира извекувањето (ждребот), да изработи стартни листи, да ги впише натпреварувачите во натпреварувачкиот дневник да ги пресмета и впише постигнатите резултати и пласмани на натпреварувачите, да води записник доколку е одржан состанок од страна на судскиот жири и истиот да го комплетира да го достави до натпреварувачката комисија на МРФ. Главниот судија мора да носи видно истакната акредитација
(2) Пред почетокот на натпреварувањето е должен заедно со домаќинот да припремат Протокол за меѓусебни обврски помеѓу домаќинот и МРФ, да утврдат термин, да ја обележат стазата, да осигураат стартни-контролни судии и медиумски да се огласат. Протоколот мора да се достави до Натпреварувачката комисија поради запознавање на истиот од страна на Управниот одбор на МРФ за обврските кој ги презвел со истиот. Терминот за одржување на натпреварувањето со објавува на ВЕБ порталот и ФБ страната на МРФ најмалку 10-15 дена пред почетокот на натпреварувањето.

**Член 25.**

(1) Секторскиот судија, ако се работи за екипно натпреварување ги има сите оперативни работи во секторот, како Главниот судија на натпреварувањето под **Член 23 точка 1.** и за време на натпреварувањето тесно соработува со останатите секторски судии и Главниот судија.

### Член 26.

(1) Стартниот или контролниот судија мораат добро да го познаваат овој правилник. Одговара за впишаните риби во дневникот за улов по рунди. Во случај на неисправен мамец, контра јадица, перје, конци или друг вид на неисправност, мора да ја одземе од натпреварувачот и да ја донесе-предаде на главниот судија. Изрекува усмени опомени и после завршување на рундата пријавува кај главниот судија, запишува во дневникот со заверен потпис од натпреварувачот.
(2) Главниот судија или делегатот доделува упатства на стартните судии пред почетокот на натпреварувањето.
(3) Стартни судии можат да бидат и службените лица на натпреварувањето (главен судија, заменик судија и делегат).

### Член 27.

(1) Капитенот на екипата-тимот во име на истите ако е тимско натпреварување учествува на состанокот на капитени, извлекува редослед и излегувања и присуствува на состанок со жирито ако е разгледување на приговор од страна на неговата екипа. Ако е поединечно натпреварување тогаш како и во екипно има право со натпреварувачот да излезе во преглед (обиколка) на стазата а за време на натпреварувањето има право со вербални совети да му помага на натпреварувачот. Било каква помош за време на натпреварувањето (додавање на опрема,мамки итн) се казнува со ДИРЕКТЕН ЦРВЕН КАРТОН и казна, впишување на максимален број на пенали за тоа коло.

### Член 28.

(1) Натпреварувачот е должен да го познава овој правилник за натпреварување и до истиот да се придржува. Непознавањето на одредбите од овој правилник повлекуват санкции за евентуални грешки.
(2) Натпреварувачот е должен да се придржува до сатницата за натпреварувањето, која мора да ја добие 10 дена пред одржување на натпреварувањето од страна на натпреварувачката комисија . Во случај на задоцнување од оправдани причини должен е да ја извести натпреварувачката комисија преку СМС порака, телефонски повик или е-маил.
(3) Забрането е консумирање на алкохолни пијалоци и користење наркотични сретства на сите учесници (делегат, судии, капитени и натпреварувачи)

КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

(1) СО УСМЕНА ОПОМЕНА, се казнува натпреварувачот кој ќе ги прекрши одредбите:

**- Член 9. став 5.( алинеа 5). член 17 и 18.**

**- Член 10. став 5**

(2) СО ЖОЛТ КАРТОН, се казнува натпреварувачот кој ќе ги прекрши одредбите:

**- Член 9. став 2, 5(алинеа 1,2,3,4,6,7), член 7, 10, 12, 13, 15.**

**- Член 11. став 4**

(3) За време на натпреварувачката сезона, жолтите картони се акумулираат, што значи ако некој натпреварувач добие трет жолт картон, продолжува да лови во колото, но губи право на настап во следното коло а пеналите за колото во кое што нема право на настап му се пресметуваат по Член 13. став 10. Пример: Натпреварувањето е составено од 6 кола, на првото второто и третото коло натпреварувачот добива по еден жолт картон, истиот натпреварувач се казнува со забрана за настап на четвртото коло а продолжува да лови во наредните две кола. Овој начин на добивање на три жолти картони не се смета како добиен црвен картон.

(4) СО ЦРВЕН КАРТОН/ДИСКВАЛИФИКАЦИЈА се казнува натпреварувачот доколку ги прекрши одредбите:

**- Член 9. став 16**

**- Член 10. став 1, 2, 3 и 4**

**- Член 11. став 3**

**- Член 28. став 3**

(5) Верификувањето на црвениот картон од страна на жири комисијата или по жалба на натпреварувачката комисија на МРФ, автоматски значи добивање на максимален број на penali по рунди за тоа коло на спин лигата. Да ли натпреварувачот ќе го продолжи натпреварувањето во наредните кола од лигата зависи од тежината на направениот прекршок, а одлука ќе донесе Жири комисијата или натпреварувачката комисија.

**Член 29.**

(1) Судскиот колегиум ги верификува жолтите, а Жири комисијата ги верификува црвените картони.

**Член 30.**

(1) За некоректно судење, стартниот и секторскиот судија можат да добијат опомена, да се исклучат од тековното натпреварување и забрана за судење ако:

- Дозволува натпреварувачот да ги krши правилата,
- Дозволува неконтролирано движење по стазата,
- Дозволи влегување во вода за време на натпреварувањето,

- Ако додели купон/тикет без остварен улов (во овој случај стартниот судија се казнува со парична казна од 300€ во денарска противвредност кој во рок од 3 дена ги уплаќа на жиро сметката од МРФ, а натпреварувачот се дисквалификува и добива забрана за учество на лига натпревари во траење од 3 години.)

- Ако коментира или ги советува натпреварувачите за изборот на мамки со кој во тој момент се остварува најдобар улов на стазата.

**Член 31.**

(1) Казнените мерки и опомени ги изрекува секторскиот на стартниот судија и Главниот судија на секторскиот судија. Сите прекршоци, дисквалификации, црвени картони ги верификува судскиот колегиум а ги потврдува натпреварувачката комисија на МРФ во согласност на правилникот за дисциплински мерки со кој се регулирани сите права и обврски на натпреварувачите за време на натпреварувањето.

(2) Во согласност со одредбите на Правилникот за дисциплинска одговорност, за кршење на овој правилник во првостепената постапка жалби се поднесуваат до натпреварувачката комисија на МРФ, а ако се работи за жалби и поплаки за работата на судиите кој ги повредиле одредбите на овој правилник, жалбите се поднесуваат до Судската комисија на МРФ. Во второстепената постапка жалби на одлуките на натпреварувачката комисија од првостепената постапка се поднесуваат до Управниот одбор на МРФ. Одлуката на Управниот одбор на МРФ е конечна и против истата нема право на жалба.

**Член 32.**

(1) Делегатот и Главниот судија се должни заверените дневници за натпреварувањето и извештаите за одржаното натпреварување да ги достават во канцеларијата на МРФ во рок од 5 (пет) дена по завршување на натпреварувањето.

ПРЕОДНИ И КОНЕЧНИ ОДЛУКИ

**Член 33.**

(1) Составен и неопходен дел на овој Правилник се и унифицирани документи:

- Пријавен лист- Пријава за натпреварување “СПИН 1“
- Дневник за натпреварување “СПИН 2“
- Севкупен дневник по поединчни кола на лигата “СПИН 3“
- Табела со редослед на излегувања “СПИН 4“
- Дневник по поединечни рунди “СПИН 5“
- Извештај од Главниот судија “СПИН 6“
- Извештај од Делегатот “СПИН 7“
- Дневник за собирање на надоместоци за пристап-членарина, лиценцирање на натпреварувачите за тековната година, “СПИН 8“

(2) Документот “СПИН 8“ го утврдува финансиската комисија на МРФ и задолжително се применува во обилк каков што е предвиден за секоја година, а

мора да се достави до канцеларијата на МРФ. За Дневникот “СПИН 8“ одговорен е делегатот на лигата, а дневникот “СПИН 8“ за секое коло задолжително го заверува Делегатот на натпреварувањето.

**Член 34.**

(1) Главниот судија е должен за секое одржано коло да достави Дневник на натпреварување и краток писмен извештај до МРФ во рок од пет (5) дена и истите во рок од 24 часа да ги достави до администраторот на ВЕБ страната на МРФ со додатни образложенија и фотографии од натпреварувањето за да можат да бидат објавени на ВЕБ страната и ФБ профилот на МРФ.

**Член 35.**

(1) Уловите и изборот за настап на Македонската спин репрезентација на меѓународни натпреварувања ги утврдува Управниот Одбор на МРФ, врз основ на утврдени критериуми и приоритети од овој правилник.

(2) Овој ПРАВИЛНИК, како и сите други документи потребни за спроведување на спин натпреварување ќе бидат бесплатно испринтани на А4 формат.

**Член 36.**

(1) Спин лигата на РМ, со цел на популаризација и рекламирање може да има сопствено лого-амблем кое задолжително мора да се користи заедно со логото на МРФ. Може да има и личен ФБ профил со цел за промовирање на овој начин на натпреварување.

**Член 37.**

(1) Толкување на овој Правилник извршува и дава натпреварувачката комисија на МРФ. За време на натпреварувањата толкувањата ги извршуваат службените лица: Делегат и Главен судија.

**Член 38.**

(1) Овој Правилник стапува на сила веднаш по неговото усвојување

Поднесено до МРФ по е-маил од страна на Комисија за СПИН натпревари при МРФ на 29.11.2022 год.